20150421580

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014 и 188/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 30 јануари 2015 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИ НА ЗАВРШЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД ОБЛАСТА НА ПЛАСТИЧНАТА И РЕКОНСТРУКТИВНАТА ХИРУРГИЈА И ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цена за пакети за завршени здравствени услуги од болничката здравствена заштита од областа на пластичната и реконструктивната хирургија и торакална и васкуларна хирургија („Службен весник на Република Македонија, број 164/2012 и број 10/2014), во табелата по услугата ХПД3 - Примарна реконструкција на дојка, мастектомија со вградување на имплант, мамопластика се додава следната табела:

Шифра	Вид на здравствена услуга	Референтна цена
ХПД4	Вградување на имплант на дојка по мастектомија или вроден недостиг на дојка, двострано	59.400
ХПД5	Реконструкција на дојка со имплант и експандер по мастектомија, двострано	154.300
ХПД6	Примарна реконструкција на дојка, мастектомија со вградување на имплант, мамопластика, двострано	100.800

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-2404/1
4 февруари 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.